

Липа  има повеќе врсти од кои најзначајни се сребрено лисната, крупно лисната и ситнолисната  липа. Дрвајата од липа се среќаваат во шуми но и како поединечни стебла  покрај меѓите . Во поволни услови кога има влага во воздухот и нема ветер може добро да замеди , но топлите  и суви ветрови можат да го прекинат медењето.

Тихте летни дождови можат да го зголемат медењето но доколку дојде до заладување медењето брзо прекинува.Дава и одредени количини на полен што е значајно во овој дел од годината. Меѓуто поради големата чуствителност на промените на температурата и климатските услови приносите од липата се н



есигурни и поради тоа се смета за помалку значајна за пчеларството.

Медот од липа е светло жолт со остар вкус. Кристализира во ситни кристали и добар е за зазимување на пчелина заедница.

*Живеалиште*: Липата расте во планините, а луѓето често ја садат  покрај патиштата.

*Лековити делови од растението*: како лековит дел на билката се собира цветот со лисјата (ако има убава зелена боја) Инаку се бере само цветот, веднас по расцутувањето. Се сушат во сенка, во чиста просторија во која има провев Цветовите по сушењето треба да ја задржат својата природна боја и  пријатен мирис.

*Лековити својства*: Цветовите од липата  се користат за лечење на настинки и респираторни нарушувања. Стимулира пот и урина. Како чај се користи најчесто , при потење, грчеви и против смирување болка . Се користи против настинки, кашлица и хронична дијареа, како и за лекување изгореници и рани. Чајот од липа се препорачува во третман на  хронична кашлица, болка при мокрењето, замор и нервна напнатост .Исто така ја ја чисти крвта.